**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 13.02.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 650/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24 и 218/24), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist“, и тоа:

   - изданието бр. 7 на „The Economist“ од декември 2024 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 13 февруари 2025 година

4. **Предмет на надзорот:** Овој надзор се врши за да се констатира дали Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје постапило по решението за преземање мерка – јавна опомена, кое Агенцијата го донесе на 08.04.2024 година врз основа на контролен административен надзор извршен во февруари 2024 година. Со надзорот во 2024 година беше констатирано дека КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, во изданието бр. 6 на „The Economist“ од декември 2023 година, не ги објавил податоците за адресата на седиштето и уредништвото на издавачот на медиумот, со што не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: <u>назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум</u>; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка – јавна опомена (бр. 03-133 од 09.04.2024 година) на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, по спроведен контролен административен надзор (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 0304-1008/1 од 26.02.2024 година).

**6. Констатации од надзорот:** Со овој контролен надзор е констатирано дека Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје во целост постапило по решението за преземање мерка, односно го отстранило прекршувањето на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***